ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**И з в е ш т а ј**
**За реализирани активности по Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2023 година.**

Одделението за јавни дејности при Општина Крива Паланка за периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година согласно Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2023 година ги има реализирано следните активности:

**Активностите во програмата се во три области социјална, детска и здраствена заштита.**

| | |
|---|---|
| 1.**Во областа за Социјална заштита** | **Точка 1: Еднократна парична помош за основни животни потреби, обезбедување на огревно дрво, елементарни непогоди, обезбедување на градежни материјали и други потреби за подобрување на условите за живот“.** |
| Под точка 1, планирани средства во Програмата за социјална, детска и здраствена заштита 440.000,00 МКД | Општина Крива Паланка во овој дел има реализирано и одобрено средства:<br>1.Лица во социјален ризик, лица неспособни за работа, деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и стари и изнемоштени лица- Одобрен е финансиски надоместок за 114 лица по основа на доставено барање и документи во прилог.<br>**Вкупно средства:157,620,00 МКД**<br>2. Деца кои боледуваат од ретки и специфични болести, лица кои се во лоша здраствена и економска состојба.Одобрен е финансиски надоместок на 14 лица по основ на доставено барање и документи во прилог.<br>**Вкупно средства: 40.515,00 МКД** |

| | |
|---|---|
| | **Точка 3: Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попречености, штитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост.** |
| **Под точка 3**, планирани сресства во Програмата за социјална, детска и здраствена заштита се предвидени 30.000,00 МКД | Одбележан Интернационалниот ден на лицата со попреченост 3 ти Декември.<br>Еднодневна екскурзија на лицата штитеници на Дневниот центар и доделени потребни реквизити за секојдневните активности на лицата.<br>**Вкупно средства: 33.300,00МКД** |
| | **Точка 4: Социјална услуга, помош и нега во домот за стари и изнемоштени лица.** |
| **Точка 4: Социјална услуга, помош и нега во домот за стари и изнемоштени лица.** | Социјалната услуга, помош и нега во домашни услови успешно се имплементира од страна на Општина Крива Паланка и ОО Црвен Крст-Крива Паланка и во 2023 година каде се опфатени 82 корисници, а се вклучени 30 обучени и сертифицирани негователи за стари лица.<br>**Финансиски средства од МТСП 11.000, 00 МКД** |
| | **Тока 5: Аплицирање и имплементација на проекти на МТСП, АВРМ и УНДП за Општинско корисна работа 2023/24 година** |
| **Точка 5**<br>Од УНДП се добиени 396.000 МКД<br>Од Буџетот на Општина Крива Паланка 99.000 МКД | Успешно добиена апликација<br>Ангажирани се 4 невработени лица<br>Финансирани се 80% од УНДП<br>4*11 000*9 месеци= **396.000,00 МКД**<br>Финансирани се 20% од Општина Крива Паланка<br>4*1750*9 месеци=**99.000,00 МКД**<br>Две лице се ангажирани како Воспитувачи за дополнителни активности во ОЈУДГ „Детелинка„ и две лица се ангажирани како Асистенти за поддршка на самостојно живеење во |

| | |
|---|---|
| | домашни услови за стари лица. |
| | **Точка 7: Изградба на пристапни рампи на инвалидизирани лица во јавни општински установи и домување во стамбени згради** |
| **Точка 7:** Изградба на пристапни рампи на инвалидизирани лица во јавни општински установи и домување во стамбени згради предвидени се 100.000,00 МКД | Врз основа на барање од странка реализирано е истото со тоа што е изградена пристапна рампа во семеен објект заради лице со телесна попреченост со потешкотии во движењето.<br>**Вкупно средства: 33.300,00 МКД** |
| | **Точка 8:Еднократна парична помош на лица со попречености(пречки во телесниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице)** |
| **Точка 8:**Еднократна парична помош на лица со попречености(пречки во телесниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице предвидени се 200.000,00 МКД | Реализирани се средства на 33 лица по основ на доставени барања.<br><br>**Вкупно средства: 222.000,00 МКД** |
| | **Точка 9:Извршување на јавни работи од страна на корисници кои остваруваар права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица.** |
| **Точка 9:**Извршување на јавни работи од страна на корисници кои остваруваат права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица.Предвидени 1.000.00,00 МКД | Општина Крива Паланка вклучи 33 лица корисници на права на парична помош од Законот за социјална заштита во извршување на јави работи на територија на Општина Крива Паланка.<br>**Вкупно потрошени средства:761.243,00 МКД** |
| | Точка 12:Дневен центар за стари лица со активно стареење |
| **Точка 12: Дневен центар за стари лица со активно стареење** | Исплатени средства од буџетот на Општина Крива Паланка на сметка на ОО Црвен Крст Крива Паланка заради имплементација на проектот Центар за |

| | |
|---|---|
| | стари лица со активно стареење.<br><br>**Вкупно средства:252.107,00 МКД**<br>Општина Крива Паланка преку подготвена апликација се јави ЈАВЕН ОГЛАС за финансирање на проекти за изградба, проширување, реконструкција и адаптација на капацитети за дневно згрижување и капацитети за давање на социјална услуга, со средства од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика и доби Грант во вредност.<br>**Вкупно:5.689.879, 00 МКД**<br>Општина Крива Паланка заедно со ОО Црвен Крст го имплементираше овој проект каде се воспостави „Дневен центар за стари лица со активно стареење“ во просториите на ОО Црвен Крст Крива Палнка и во моментот има вкупно 24 корисници и двајца вработени односно еден Координатор и еден Асистент на координаторот. |
| | **Точка 13:Ослободувањ на семејства на Бранители од 2001, од давачки спрема ЈП Комуналец** |
| **Точка 13:**Ослободување на семејства на Бранители од 2001, од давачки спрема ЈП Комуналец | Со Одлука на Совет на Општина Крива Паланка и Одлука на Управен одбор на ЈП Комуналец , семејствата беа ослободени за 2023 година. |
| **14. Дом за стари лица** | Од страна на Општина Крива Паланка е направена техничка документација за реконструкција и адаптација на ОУ „Боро Менков“ за Дом за стари лица, подготвена е апликација и аплицирано е на ЈАВЕН ОГЛАС за финансирање на проекти за изградба, проширување, реконструкција и адаптација на капацитети за дневно згрижување и капацитети за давање на социјална услуга, со средства од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика. |

| | |
|---|---|
| | **Аплицирани за вкупно средства: 40.563.132 МКД** |

| | |
|---|---|
| **Во областа за Детска заштита** | **Точка 2: Инклузија на деца Роми кои се опфатени во ОЈУДГ „Детелинка“ преку ослободување на партиципација.** |
| **Точка 2:** Инклузија на деца Роми кои се опфатени во ОЈУДГ „Детелинка“ преку ослободување на партиципација. | Реализирано во ОЈУДГ„Детелинка“ преку блок дотации од МТСП. |
| | **Точка 3:Еднкоратна парична помош на секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка.** |
| **Точка 3:**Еднкоратна парична помош на секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка. | Општина Крива Паланка во овој дел има реализирано на 82 новороденчиња по основ на доставено барање.<br>**Вкупно средства: 269.730,00 МКД** |
| | **Точка 4:Субвенција за купена количка за секое новороденче родено на територија на Општина Крива Паланка** |
| **Точка 4:**Субвенција за купена количка за секое новороденче родено на територија на Општина Крива Паланка. | Општина Крива Паланка во овој дел има реализирано на 51 новороденчиња по основ на доставено барање.<br>**Вкупно средства: 169.830,00 МКД** |
| | **Точка 6: Доделување новогодишни пакетчиња за деца** |
| Средства планирани во Програмата за социјална детска и здраствена заштита 80.000,00 МКД. | Општина Крива Паланка го реализира овој дел, преку новогодишни пакетчиња на деца во ОЈУДГ „Детелинка и лицата штитеници во Дневниот центар<br>**Вкупно потрошени средства; 104.740,00 МКД** |

**Сектор за правни работи, јавни дејности**
**и поддршка на градоначалникот**
**Раководител:**
**Даниела Велковска**